Македонија 14. December 2024 - 11:27

# Претреси во дојранско, пронајдени околу два килограми марихуана и пушки | ФОТО



СВР Струмица - ОВР Гевгелија, до Основното јавно обвинителство Гевгелија, поднесе кривична пријава против Г.Ј.(51) од село Црничани, општина Дојран, поради сомнение дека сторил кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или експлозивни материи" по член 396 од Кривичниот законик.



На 13.12.2024, полициски службеници од СВР Струмица - ОВР Гевгелија во координација со полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Дојран, врз основа на судска наредба, биле извршени претреси на две локации, во домот на пријавениот во село Црничани и на место викано „Гатар", атар на село Црничани. При претресите биле пронајдени и одземени 24 тегли со марихуана, четири хартиени омоти со марихуана, две стебла од растението канабис, предмети со остатоци од марихуана, две ловечки и една малокалибарска пушка.

Лицето било лишено од слобода и задржано во Полициската станица Гевгелија, по што бил изведен пред судија на претходна постапка од Основен суд Гевгелија, кој му определил мерка притвор во траење од 30 дена.






МАКЕДОНИЈА

Муцунски: Фрчкоски сторил штета од шест цифри во евра, информациите се многу загрижувачки

Во возило од градски превоз во Велес пронајден мртов 60-годишен маж

УЈП апелира угостителите и физичките лица за празниците да работат согласно законите и да ги исполнат даночните обврски




ПОПУЛАРНО ОД МАКЕДОНИЈА

Најчитани | Најсподелувани

Му однел јадење на татко му кој работел на објект... 13.12.2024

По јазикот проблем и химната 13.12.2024

Премиерот фрли лопата - Нова инвестиција вредна... 13.12.2024

Во Софија средба на историчката комисија - Се... 13.12.2024

НОВО НА СИТЕЛ

НАЈНОВИ ВЕСТИ | НАЈНОВИ ВИДЕА

УЈП апелира угостителите и физичките лица за празниците да работат согласно законите и да ги исполнат даночните обврски

Мицкоски: Постигната историски највисока цена на килограм откупен тутун од 400 денари

Нови 600 вработувања во МВР, Мицкоски повика на трпение, работите се решаваат една по една

Претрес во гостиварско, пронајдена дрога, приведени двајца дилери

Верстапен ја доби својата четврта последователна титула во Формула 1

Претреси во дојранско, пронајдени околу два килограми марихуана и пушки | ФОТО

Приведен дилер во Тетово за издржување тригодишна казна затвор

Крадец фатен на дело во Прилеп

ПОВЕЌЕ ВЕСТИ



© 2024 Сител Телевизија